Годишен извештај за работата на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани
за учебната 2022/2023 година



Кривогаштани, 14.08.2023 година

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование, (Сл. Весник на Р. Северна Македонија. број 161, од 5 август 2019 година) *и член 25 од Статутот на ООУ „Манчу Матак" – Кривогаштани, Наставничкиот совет на седницата одржана на 27.06.2023 година го разгледа и даде предлог до Училишниот одбор за разгледување на*

Годишен извештај за работата
на училиштето во учебната 2022/2023 година

Во текот на учебната 2022/2023 година, ООУ „Манчу Матак" својата дејност ја остваруваше според 4-годишната Програма за развој на училиштето 2020–2024, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година и програмските прилози по подрачја од дејност, составен нејзин дел.

ООУ "Манчу Матак" е лоцирано во с. Кривогаштани, општина Кривогаштани и опфаќа ученици од реонот на населените места: Кривогаштани, Крушеани, Врбјани, Годивле, Подвис, Славеј, Светомитрани, Врбоец, и Милошево. Својата основна дејност ја остваруваше во училишните згради во Кривогаштани и подрачните училишта во селата: Крушеани, Врбјани, Славеј, Годивје и Подвис. Сите училишни згради се наменски градени и служат само за потребите на училиштето.

Оваа учебна година започна редовно со настава со физичко присуство, од 1.9.2022 година, но поради лошите временски услови, а согласно одлуката од Министерството за образование и наука, второто полугодие започна подоцна, а часовите се надоместија согласно новиот календар од МОН и БРО и наставната година заврши на 14.06.2023 година.

Училиштето работеше во две смени во централното училиште и во ПУ во с. Крушеани, додека во останатите подрачни училишта во една, прва смена.

Дворните површини што ги поседува училиштето се оградени, како во Кривогаштани така и во подрачните училишта во Врбјани, Крушеани, Славеј, Годивле и во Подвис. Во подрачните училишта дворот е тревнат, а некаде и асфалтиран и погоден за користење за некои училишни активности. Училишните дворови во централното училиште, во Крушеани, Славеј и Подвис се пополочени со бекатон.

Повеќето нагледни средства и технички помагала што ги поседува училиштето се обновени во последниве учебни година, па училиштето делумно е опремено со техничка опрема потребна за реализирање на современа настава.

Минатаата и оваа учебна година тоа посебно се интензивираше за потребите од реализација на наставата согласно новата концепција. Оваа учебна година се заврши и пушти за користење новиот кабинет по природни науки, целосно реновиран и опремен со сите потребни нагледни средства за реализација на наставата по природната група предмети. Исто така се добија на користење и 20 таблети за потребите на наставата по новата концепција.

Како донација од Сокотаб за долгогодишната соработка добивме училишен прибор и нагледни средства.

За потребите на наставата по физичко образование добиени се по 3 ракометни, фудбалски, кошаркарски и ракометарски топки – (донација од Лаг Агро лидер) и пикадо од оркестарот „Фаворити".

Донација на книги – англиска литература, речници и енцикопедии беше дадена од средното економско училиште „Св. Кирил и Методиј" – Охрид во рамки на проектот INT'L Book Project.

Германска литература - книги и работен материјал беа донирани на училиштето од германската амбасада.

Во текот на учебната 2022/2023 година беа превземени активности за подобрување на состојбата:

- целосно, постојано и континуирано се чистеа училниците во сите училишни објекти;
- редовно се чистат дворовите на училиштата;
- се санираа помали инфраструктурни дефекти и недостатоци;
- хортикултурно се уредија сите училишни дворови.

Опфат и движење на учениците. Со почетокот на оваа учебна година во нашето училиште се запишаа 3 ученици од други училишта (во VI одделение од с. Светомитрани,), додека 11 ученици се отпишаа од нашето училиште на почетокот и во текот на оваа учебна година заради префрлање во друго училиште (3 од ПОУ с. Славеј во Мало Коњари, 1 ученичка во Прилеп, 3 во Скопје и 4 заради преселба во странство).

Во ООУ „Манчу Матак" Кривогаштани во учебната 2022/2023 година учебната година ја завршија 254 ученици и тоа: од I - V одделение заедно со подрачните училишта (Крушеани, Врбјани, Славеј, Подвис и Годивле) се 139 ученик, а од VI – IXодделение во Централното училиште, 115 ученици.

Во следната табела е дадена состојбата со бројност на учениците по одделенијана и пол на крајот од учебната година:

	се	М	Ж
I	29	18	11
II	30	20	10
III	21	13	8
IV	30	20	10
V	29	14	15
I-V	**139**	**85**	**54**
VI	18	5	13
VII	35	23	12
VIII	31	13	18
IX	31	18	13
V-IX	**115**	**59**	**56**
I-IX	**254**	**144**	**110**

Во училиштето функционираа 16 паралелки, од I - V одделение, распоредени во 10 чисти паралелки и 6 комбинирани паралелки во подрачните училишта: 3 чисти и 1 комбинирана во Крушеани, 1 чиста и 2 комбинирани во Славеј, 2 комбинирани Врбјани, 1 чиста во Подвис и 1 комбинирана во Годивле.

Од VI - IX одделение учениците се распоредени во 8 паралелки, по две од секое одделение.

Воспитно – образовната работа ја реализираа 16 одделенски наставници и 21 предметни наставници кои се вработени во нашето училиште. 4 наставници од нашето училиште помали помал фонд на часови дополнуваат и во други училишта, а тројца наставници дополнуваат во нашето училиште од друго.

Тандем настава во наставата по физичко и здравствено образование се реализираше за учениците во прво, второ, трето и четврто одделение.

Годишните и месечните (тематските) планирања изработени се и доставени од страна на сите наставници и проверени од страна на директорот и стручните соработници.

Стручните соработници педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор работат со полно работно време во училиштето, а библиотекарот со половина од работното време. Училиштето има вработено и еден секретар – благајник, еден хаус-мајстор и 8 помошни работници кои се грижат за административно-техничките и помошните работи.

Годишната програма за работа на училиштето како и другите планови и програми на ниво на училиште, беа изготвени навреме и во голема мера се реализираа во делот на задолжителната настава и воннаставните активности.

Во текот на учебната 2022/2023 година наставата во училиштето целосно е реализирана според календарот за работа на основните училишта. Наставата започна на 1.09.2022 година, а заврши на 14.06.2023 година, т.е. остварени се вкупно 180 работни денови. Наставниот материјал по предметите во редовната настава е реализиран и се остварени сите наставни часови. Реализирани се дополнителната и додатната настава како и предвидените активности од воннаставните активности.

Наставата целосно се изведува на македонски јазик.

На почетокот на учебната година навремено беше изготвен и распоред на часовите. По сите наставни предмети беше организирана дополнителна и / или додатна настава која се остваруваше во текот на целата учебна година со распоред на активностите месечно, согласно Наставниот план. Истото се однесува и за слободните ученички активности и за часот на одделенската заедница.

Се реализираа и изборните предмети кои ги избраа учениците со помош на нивните родители. Минатава учебна година беа избрани следните изборни предмети: Етика во религиите во шесто одделение; Вештини за живеење во седмо одделение, Унапредување на здравјето и Техничко образование во осмо одделение и Воспитание за околината во деветто одделение.

Во четврто одделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети: Цртање, сликање, Вајарство и финансиска писменост – во првото полугодие и Игри за разрешување конфликти и Справување со природни катастрофи - во второто полугодие.

Во петто одделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети: Финансиска писменост, – во првото полугодие и Заштита на животната средина - во второто полугодие.

На полето од слободните ученички активности во училиштето во учебната 2022/2023 година беа планирани 20 секции од III, VI, VII, VIII и IX одделение. Според програмата наставниците во одделенска настава (III одделение) одржуваа по две секции со по еден час неделно, а наставниците во предметна настава по една секција со по еден час неделно.Сите наставници на почетокот на учебната година изготвија програми за работа на секциите.На почетокот на учебната 2022/2023 година беше направена анкета за избор на слободна активност (секција) во која сака да учествува секој ученик. Во секциите членуваа ученици по сопствена желба. Присуството на учениците и нивното залагање во работата на секциите беше на високо ниво. Сите наставници ги реализираа планираните активности.

Во училиштето се одржуваат по три часа од хор и оркестар, а програмите за истата беа во целост реализирани. По секој од предметите беа реализирани одредените композиции кои се опфатени во програмата изаботена за истите. И хорот и оркестарот зедоа учество во одбележување на датумите предвидени во календарот во текот на школската година:

*Учество на новогодишната програма;

*Учество на програмата по повод денот на жената 8ми Март;

* Учество при одбележувањето на Денот на училиштето.

При дистрибуирањето на бесплатните учебници, се појавија проблеми со доцнење на учебниците за оние ученици во одделенска настава кои учат по новата концепција. Наставниците во прво полугодие работеа со привремени збирки на учебници, прирачници и слично. Оние учбници кои дојдоа до училиштето беа поделија на учениците, односно родителите, а на крајот од наставната година сите ги вратија во добра состојба. Но останува проблемот со одредени учебници кои се веќе дотраени, а не се заменуваат со нови.

Наставниците и оваа учебна година евиденцијата ја водеа само во електронски дневник, соочувајќи се со помали технички проблеми кои тековно се решаваа. Администратор на ЕСАРУ системот е наставничката Елена Кадинска.

Во сите одделенија од II – IX одделениена часот на одделенската заедница се реализира програмата Образование за животни вештини согласно програмата за работа, а во прво одделение содржините се интегрираат со постоечките предмети.

Дополнителната и додатната настава се реализираше од I – IXодделение, согласно постигнатиот успех на учениците и месечните распореди за реализација на истата. Овие часови во прво, второ, четврто и петто одделение се интегрираат согласно новата концепција.

Во рамките на општествено корисната и хуманитарна работа, со помош на сите вработени во училиштето и тимот се правеше постојана промоција на акциите, настаните и планираните активности во текот на целата учебна година. Наставници редовно испраќаа поважни информации во однос на сите испланирани активности.

Во текот на целата учебна година родителите и учениците беа известувани за сите настани (акции и активности) и беа активно вклучени во истите.

Во текот на целата учебна година навремено се одржани најголмиот број од испланираните активности во програмата, поставувани се и сите задолжителни документии и извештаи на веб страната од училиштето.

Оваа учебна година од јавната и културната дејност. во училиштето се споведоа низа активности по повод поважни настани кои се значајни за работата на училиштето. Ова се резултатите и исходите од нивното спроведување:

- Кај учениците од прво одделение е развиено чувство на припадност и љубов кон училиштето;
- Знаењата за важни датуми кои се дел од историското минато и кои одбележуваат видни настани и личности се проширени и увидено е нивното државно, општествено, културно и воспитно-образовно значење;
- Развиено е чувството за еколошка свест и одговорност конживотната средина;
- Сфатена е улогата на учителот и неговото значење во градењето на личноста на ученикот;
- Научени се детските права;
- Согледани се придобивките од пешачењето и развиена е свеста за безбедно однесување во сообраќајот;
- Согледана е важноста на здравата храна која потекнува од здрава и чиста животна средина;
- Зголемени се знаењата за борба против ХИВ/СИДА;
- Воочени се правата на луѓето со посебни потреби и сфатена е потребата од нивна инклузија во секојдневниот живот;
- Преку пригодни програми кои одбележуваат свеченост по повод некој празник развиени се изразно-творечки можности кај учениците, дружење и соработка;
- Развиена е свеста за зачувување и негување на мајчините јазици кај нас и во светот;
- Зголемени се знаењата за значењето на чистата и безбедна вода за пиење и одговорно користење;
- Учениците се запознаени со епилепсијата;
- Проширени и надоградени се знаењата за загадувањето на водата, воздухот и почвата;
- Развиени се навики за читање и популаризирана е книгата и авторското право;
- Развиена е свеста за влијанието на физичката (не)активност врз здравјето;
- Поттикната е континуирана свест за правилната употреба на македонскиот јазик и правопис;
- Поттикната е свеста за здравјето на устата и забите;
- Развиени се чувства за почит кон сопствените културни и цивилизациски вредности;
- Негувано е чувството на почит, другарство, заедништво, припадност и развиен е спортскиот дух.

Училиштето во учебната 2022/23 година непосредно и директно ја информираше јавноста преку користење на официјалната фејсбук страница на училиштето и преку неговата веб страница за:

- важни соопштенија за учениците, родителите и локалната заедница,
- активности на учениците во редовната настава и воннаставните активности,
- резултати на учениците од натпревари на регионално и државно ниво,
- одбележување на поважни датуми и сл.

Исто така, пошироката јавност беше информирана и за сите потребни информации и материјали неопходни за работа во училиштето (распоред на часови, распоред за дополнителна и додатна настава, Годишна програма, разни правилници итн.)

Училиштниот инклузивен тим функционира во училиштето, работи согласно сопствената програма, огранизира одбележување на датуми како што се денот на лицата со попреченост, децата со даунов синдом и други битни датуми, ја координира работата на инклузивните тимови за учениците со потешкотии, иницира подобрување на состојбата во училиштето во врска со инклузивноста и реализира активности за подобрување на условите за работа во училиштето.

УИТ својата активност ја започна со изработка на програма за работа на УИТ и акционен план во кои беа дефинирани активностите на тимот во текот на учебната година. Истите беа презентирани на сите тела во училиштето – Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор. И покрај тоа што родителите на овие ученици беа упатени кон соодветните инстуции за доставување потребна документација со цел да се изработи ИОП немавме повратна информација од истите. Пред почетокот на второто полугодие до УИТ беше доставена МКФ класификација од страна на еден родител и според препораките дадени од МКФ се продолжи со работа со ученичката за која беше доставена класификацијата.

Во текот на годината активностите на тимот вклучуваа консултативни разговори со учениците, родителите и наставниците, советодавна работа со учениците и нивните родители. Исто така беше континуриано следен напредокот, редовноста и однесувањето на учениците во текот на учебната година.

Покрај работата со учениците со ПОП и нивните родители, УИТ имаше предвидено и спроведено активности за подобрување на иклузивната практика во училиштето преку инструктивна работа со ученици и наставници со цел подобро прифаќање на учениците во средината. (индивидуални разговори, работилници)

Беа одбележани значајни дауми: 3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби, 26 март – Меѓународен ден на лицата, 21 март – ден на лицата со даунов синдром и денот на лицата со епилепсија преку работилници и најразлични активности со вклучување на повеќе ученици и наставници.

Во рамките на програмата за здравствена заштита на учениците, посебно внимание се водеше за хигиената и заштитата на учениците и вработените. Учениците се осигурани преку осигурителна компанија „Уника“.

Редовно се вршат систематски прегледи, вакцинации, стоматолошки прегледи и залевање на заби на учениците во соработка со Здравствен дом - Прилеп.

За време на состаноците на Подмладокот на Црвен Крст одговорните ученици се обучуваат за давање на прва помош од страна на обучените наставници.

Се вршеше едукација на учениците на тема Здрава храна за добро здравје во рамки на предметот Животни вештини од страна на одделенските наставници и одделенските раководители.

Беа одржувани советодавни разговори со учениците кои имаат емоционални проблеми и со нивните родители. Во текот на цела учебна година се води евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците и се извршуваат советодавни работи со учениците и родителите со слаб успех и несоодветно однесување. Учениците и родителите се запознати со правата, одговорностите и процедурите за разрешување на проблемски ситуации. Учениците со тоа најчесто се запознаваат на часовите на одделенската заедница, а родителите на родителските средби, преку разговори со стручните соработници и директорот. Училиштето ги негува можностите за се подобра комуникација на релација наставник-ученик и наставник-родител и пружа помош онаму каде што е потребна.

Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и напуштање, спречување дискриминација. Со помош на сите вработени во училиштето и тимот за превенција од насилно однесување се подигна свеста на учениците и се подобри дисциплината во текот на учебната година.

На наставниците, учениците и родителите им беше презентирано Упатството за постапка и пријавување на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и според тоа упатство беше направена корекција на куќниот ред на училиштето, беа одредени две одговорни лица за пријавување на насилство: Анета Гулабоска-психолог и Дијана Каравилоска –наставник ментор. Во училиштето беше поставено сандаче за за пофалби, поплаки и пријава на насилство.

Училиштето има пропишана процедура во вид на протокол за превенција од насилство. Доколку се забележи појава на ментална или физичка злоупотреба, се интервенира без одложување, од страна на дежурните наставници, одделенските раководители, самите ученици или стручните соработници, а потоа се вклучуваат и родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата.

Ниту еден ученик оваа учебна година нема добиено педагошка мерка поради насилно однесување.

Работа со надарени и талентирани ученици Покрај наставниците и родителите на родителски средби беа известени дека училиштето подготвува процедури за идентификување и поддршка на надарените/талентирани ученици и беа поттикнувани доколку забележат кај своето дете некаква надареност да го поддржат тоа и да му помогнат на детето да го развива.

Надарените и талентирани ученици се идентификуваа и од страна на наставниците кои им предаваат. Наставниците обрнуваа внимание и им даваа поддршка на оние ученици кои покажуваа определена надареност за да ја развијат и да постигнуваат што подобри резултати. При тоа соработуваа со членовите на тимот и ги запознаваа со учениците и нивните афинитети. Наставниците ги мотивираа учениците да учествуваат на натпревари, литературни читања, конкурси, спортски натпревари, ликовни конкурси, изложби и сл. Во овој процес наставниците ги вклучуваа и родителите преку барање мислење од родителот за способностите на неговото дете. Родителите покажаа несебична поддршка за учениците кои одеа на натпревари и учествуваа во активности во и надовр од училиштето со што ги афирмираа своите знаења и способности.

Училиштето континуирано работеше на промоцијата на постигнувањата на овие ученици преку објавување на нивните достигнувања на страната на училиштето, давање јавни пофалби и награди на оние ученици кои кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето во повеќе области преку учество во активности во училиштето и надвор од него.

Излети и екскурзии:

На почетокот на учебната година – 19.09.2022, училиштето изведе **есенски излет** во блиската околина, во месноста Петочница. Овој излет е од забавно - рекреативен карактер и на него присуствуваа сите наставници и сите ученици од I до IX одделение од централното и од сите подрачни училишта.

На крајот на учебната година – 07.06.2023, училиштето изведе **пролетен излет** во блиската околина, во месноста Петочница. Овој излет е од забавно рекреативен карактер и на него присуствуваа сите наставници и сите ученици од I до IX одделение од централното и од сите подрачни училишта.

На 4, 5 и 6 мај 2023година се изведе **тридневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер со учениците од IX одделение предводени од одделенските раководители Татјана Чируноска и Антица Вренцоска, која беше изведена во соработка со ТА ЕХ Травел – Прилеп. Релацијата која ја посетија учениците беше следната: Кривогаштани – Прилеп – Кавадарци - ХЕЦ Тиквеш – Стоби – Колешино - Струмица – Водоча – Берово – Пробиштип – Куманово – Скопје – Кривогаштани.

На 17 и 18 мај 2023 година беше изведена **дводневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер со учениците од VI одделение од ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани на релација: Кривогаштани - Охрид - Струга - Вевчани - Маврово- Гостивар - Кичево - Кривогаштани. Наставници кои ја водеа оваа екскурзија се: Сотир Нешкоски, Елена Кадинска и Јован Цветкоскиа беше изведена во соработка со ТА ЕХ Травел – Прилеп.

На на 30.05.2023година се изведе **еднодневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер со учениците од III одделение од ООУ „Манчу Матак “ од Кривогаштани и подрачните училишта од Крушеани и Врбјани предводени од одделенските раководители Христина Каравилоска и Јагода Рикалоска, која беше изведена во соработка со ТА ЕХ Травел – Прилеп. Релацијата која ја посетија учениците беше следната: Кривогаштани - Ѓавато - Струга - Охрид - Кривогаштани. На оваа екскурзија не присуствуваа учениците од ПУ Славеј поради немање интерес од страна на учениците за неа.

Посети:

На 29.11.2022 година учениците од второ одделение со наставничката Магдалена Дисоска ја посетија **пиланата „ЗУЛАМ-КОМПАНИ"** со цел да научат повеќе за природниот материјал дрво и неговите својства.

На 08.02.2023 во спортската сала во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани, дел учениците од I до IX одделение со нивните наставници присуствуваа на театарската претстава „**Детски музички џубокс“**.

На 25.03.2023 година сите ученици од ПУ Врбјани со наставничките Дивна Спиркоска и Душанка Каравилоска ја посетија слаткарската работилница **„Свит Фантази“** – Врбјани каде учеа за промена на агрегатната состојба.

На 09.05.2023 година група на ученици од VIII одделенија во придружба на директорката Даниела Мицеска и наставничките Дејана Тренеска и Елена Белеска го посетија **Саемот на книга 2023 - Скопје**.

На 29.05.2023 сите ученици од I до V одделение со своите одделенски раководители и директорката го посетија театарот Војдан Чернодрински – Прилеп, следејќи ја претставата „**Пипи долгиот чорап**“.

На 05.06.2023 учениците од I до VII одделение заедно со своите одделенски раководители присуствуваа на детскиот музички фестивал **Тра-ла-ла** кој се одржа во салата во општинската зграда - Кривогаштани.

На ден 20.05.2023 година по барање и организација на **Совет на родители**,со сите ученици од IV и V одделение беше организирана научна посетана Националната Установа-музеј „Никола Незлобински" во Струга и археолошките наоѓалишта: Самоилови тврдини и Универзитетот на Климент Охридски во Охрид. Со оваа посета раководеа наставниците: Лилјана Стојкоска, Милена Граороска Петроска, Александар Ѓорески, Душанка Каравилоска и директорката Даниела Мицеска.

На 27.05.2023 година по барање и во организација на **Совет на родители,** беше изведена научна посета со сите ученици од VII и VIII одделение. Се посети: НУ Музеј „д-р Никола Незлобински“, Спомен-куќата на Браќата Миладиновци во Струга и знаменитости во Охрид. Со оваа посета раководеа наставниците: Весна Ацеска, Дијана Каравилоска и Дејана Тренеска.

На 10.06.2023 година, во организација на општина Кривогаштани, наградените ученици од манифестацијата „**Прочкарска смеа за секого**“ во придружба на директорката Даниела Мицеска и наставниците Дијана Каравилоска и Христина Каравилоска го посетија Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Скопје.

Оваа се реализираните воннаставни активности оваа учебна година:

- Прием на првачињата во училиште
- Интеркултурни активности – Запознаваме нови култури – истражување на различни држави во светот
- Работилница по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост
- Тимот за училишни иницијативи организираше хуманитарна акција „Од нас за нас“ во рамките на Отворениот ден за граѓанско образование
- Донација од МОН на јаболка - здрав оброк за секој ученик
- Еколошка акција-собирање пластични шишиња „Мал чекор-големи цели“, Септември-декември 2022 г. П.У.Крушеани
- Спортски игри
- Ден без автомобили (возење на велосипед- Кривогаштани ,Св.Митрани,Бучин,Воѓани,Бела Црква,Обршани,Крушеани
- Сите на велосипед Кривогаштани-Св.митрани-Милошево-Бучин-Воѓани-Бела Црква-Обршани-Крушеани-Кривогаштани
- Трибина на тема Родовата перспектива во локалните политики во соработка со општината организирана од ЛАГ АГРО ЛИДЕР
- Светска акција „Да го исчистиме светот“ Одржување и уредување на училишната зграда и двор
- Еднодневен есенки излет во блиската околина
- Одбележување на детската недела – пишување пораки за возрасните и нивното однесување кон децата
- Активност по повод Светскиот ден на учителите– творење стихотворба за учителите или цртеж
- Меѓународен ден на пешаците
- Разговор за Меѓународен ден на лицата со посебни потреби
- Хуманитарна акција „Од нас за нас“
- Новогодишна приредба во организација на ООУ „Манчу Матак'' и Општина Кривогаштани
- Претстава за деца „Детски музички урнебес“ - за да се забавуваат учениците
- Приредба за Денот на жената – 8 Март

- Одбележување на Меѓународен ден на лицата со Даунов синдром
- Одбележан Ден на пролетта – Ден на екологијата
- Одблежан денот на лицата со епилепсија
- Светски ден на водите – Водата и храната – достапност и безбедност
- Предавање и обука на учениците за собирање, селекција на отпадот и неговото рециклирање
- Велигденска работилница
- Работилница - Светски ден на планетата Земја
- Посета на театарска претстава ,,Пипи Долгиот Чорап"
- Присуство на Детски музички фестивал „Тра- ла- ла"
- Предавање од Црвен Крст за прва помош и заштита
- Презентирање на планот за евакуација на училиштето и едукација за начините на негово напуштање – вежба
- Вежба за евакуација на учениците и наставниците при елементарни непогоди, пожар и сличн
- Работилница за врсничко насилство во организација на МВР ПС Прилеп
- Со физичка активност до подобро здравје
- Опасностите на социјалните и мрежи и законската регулатива против сајбер насилство – организација на МВР ПС Прилеп
- Работилница за изработка на маски за Денот на шегата Први април.
- Работилница за изработка на Најубаво украсено Велигденско јајце
- Приредба за Ден на училиштето во организација на ООУ „Манчу Матак''
- Активности и дружење со извидничка група " Феникс", во Прилеп
- Учениците Димитар Манески и Ева Чорбоска со наставникот по хемија Влатко Божиноски учествуваше во работилницата „Иновативно учење“, во рамките на Еразмус + проектот Circle Lab
- Учениците од литературно рецитаторската секција под раководство на наставничката Дејана Тренеска учествуваа: на креативно творечка работилница на тема „И јас сум Рацин“; литературен конкурс по повод денот на шегата; литературно читање по повод денот на македонскиот јазик; литературно читање во три основни училишта каде освоени пофалници за освоено прво и второ место и благодарници; активности по повод неделата на детето „По едно срце за секое дете – иднината е во нас“;

  Во учебната 2022/ 2023 година учениците од ооу „Манчу Матак„ од Кривогаштани учествуваа на повеќе натпревари.

  Од подрачна паралелка Славеј под менторство на наставничката Светлана Костадиноска учениците учествуваа на следните натпревари:

  - Онлајн натпревар Дабар 21.11.2022 (Онлајн) Трето и четврто одделение сите ученици - пофалници
  - Литературна манифестација „СРЕДБИ ПОД ЈАВОРИТЕ- ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ“ 2023 Учество на меѓународен поетски конкурс на тема: „Илјада цветови“ 16.05. 2023 Онлајн учесник: Марија Улиманова – 4одделение и Сара Рујаноска, Елена Здравкоска и Ивана Каравилоска од VIII одделение.

На 23.03.2023 година се одржа Меѓународниот натпревар по математика „КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ 2023“. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа 34 ученици од 2 – 9 одделение кои се дадени во следнава табела со освоените награди и нивните ментори:

Име и презиме	одд.	награда	ментор
Владимир Дунимаглоски	2	Трета награда	Кристина Чагароска
Андреј Крстески	2	Пофалница	
Андреа Стојова	3	Вторанаграда	Светлана Костадиноска

Јосиф Каџибанов	3	Трета награда	
Лука Каравилоски	3	Трета награда	Јагода Рикалоска
Ана Миличевиќ	3	Прва награда	
Натали Папучкоска	3	Пофалница	
Анабела Пулеска	3	Трета награда	Христина Каравилоска
Алексеј Пулески	3	Трета награда	
Јован Граороски	3	Трета награда	
Марко Ѓоргоски	3	Пофалница	
Петар Каравилоски	4	Трета награда	Габриела Ликоска
Јован Китаноски	4	Пофалница	
Андреј Коларoски	4	Пофалница	
Леонтина Коркоска	4	Пофалница	
Петар Митоски	4	Пофалница	
Јаков Спиркоски	4	Трета награда	
Мартина Стеваноска	4	Пофалница	Душанка Каравилоска
Јована Петковска	4	Пофалница	Светлана Костадиноска
Марија Улиманова	4	Второ место	
Јана Стеваноска	5	Пофалница	Душанка Каравилоска
Јован Дамјаноски	5	Пофалница	Сашка Комициоска
Стефан Мацов	5	Трета награда	
Јана Јосифоска	5	Трета награда	
Патрицијa Стеваноска	5	Пофалница	
Петар Папучкоски	5	Трета награда	Лилјана Стојкоска
Дамјан Толески	5	Трета награда	
Јован Глигуроски	5	Пофалница	
Дарија Пулеска	5	Трета награда	Милена Граороска Петроска
Стефанија Толеска	5	Пофалница	Кристина Чагароска
Александар Дунимаглоски	5	Трета награда	
Кире Ристески	7	Пофалница	Сотир Нешкоски
Леонид Јанкулоски	7	Втора награда	
Јована Мојаноска	9	Пофалница	Татјана Чируноска

- Во учебната 2022/2023 година учениците учествуваја на натпревар по англиски јазик. Учениците кои учествуваа на натпреварите и нивните ментори дадени се во следнава табела:

Активност	Ученици	Наставник ментор	Освоени награди
Општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ	Ана Цветкоска (6б одд)	Татјана Петреска	I место

ООУ„Гоце Делчев“ – Прилеп (18.03.2023	Иле Граороски (7б одд)	Елена Белеска	/
Регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ ООУ„Гоце Делчев“ – Прилеп (08.04.2023	Ана Цветкоска (6б одд)	Татјана Петреска	I место
Државен натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ ООУ„Лазо Ангеловски“ – Скопје (04.05.2023	Ана Цветкоска (6б одд)	Татјана Петреска	IV место

Општинскиот натпревар по географија се одржа на 04.03.2023 год. и на него од нашето училиште учествуваа учениците: Елена Коруноска - 9б, Мелани Србиноска - 9б, Симона Голеска - 9б, Елена Здравкоска -8б, Виктор Везенкоски - 8б, Ивана Каравилоска -8а Матеј Комициоски - 7а (прво место), Стефани Велеска - 7б (прво место), Петар Тинтоски - 7б, Давор Божиноски - 6б, Матеа Каравилоска 6а (прво место) и Ивона Ѓорѓиоска 6а одд.

Регионалниот натпревар по географија се одржа на 08.04.2023 година и на него учествуваа Стефани Велеска - 7б, Матеј Комициоски - 7а и Матеа Каравилоска 6а која освои второ место. Матеа Каравилоска се пласира на државниот натпревар кој се одржа на 13.05.2023 година и на него освои трета награда. Ментор на учениците на натпреварите по географија беше наставникот Оливер Конески.

Спортската секција под менторство на наставниците Пеце Апостолоски и Јован Цветкоски со свои екипи настапија на повеќе натпревари:

Активност	Кога	Каде	Со кои ученици	Освоени награди
Ден на учителот (фудбалски натпревар ученици-наставници)	05.10.2022 г.	Повеќенаменско игралиште - Кривогаштани	8, 9 одд.	/
Општински натпревар футсал (машки)	06.10.2022 г.	О.У. „Добре Јованоски“, Прилеп	8, 9 одд.	
Општински натпревари во одбојка (женски)	14.11.2022	СОУ Ѓорче Петров Прилеп	6, 7, 8, 9 одд.	
Општински натпревари во одбојка (женски 6 и 7 одд.)	05.05.2023	СОУ Ѓорче Петров Прилеп	6 и 7 одд.	
Општински натпревари во ИМП	19.05.2023	Црвен крст - Прилеп	6 одд.	4 – 6 место

Учениците од четврто одделение ПУ. Крушеани учествуваа на натпреварите по природни науки и поетска манифестација. Ментор Александар Ѓорески

Активност	Време на одржување	Место	Со кои ученици	Освоени награди
Учество на општински натпревар	10.03.2023	Онлајн-ООУ Манчу Матак Кривогаштани.	Стефан Стојановски Лука Граороски	Второ место пофалница
Учество на регионален натпревар	07.04.2023	Онлајн-ООУ Манчу Матак Крушеани	Стефан Стојановски	пофалница
Учество на Поетска манифестација за деца и млади ,,Пролет на сребрените соништа''	10.05.2023	Онлајн	Марија Манеска	/

Учениците од нашето училиште зедоја учество и на натпреварите по биологија – општински и регионален. Учесниците и освоените награди се дадени во табелата. Ментор им беше наставничката Снежана Спиркоска

Учество на натпревари, квизови, конкурси, литературни читања и освоени награди				
Активност	Време на одржување	Место	Со кои ученици	Освоени награди

Општински натпревар по биологија	10.03.2023	Онлајн ООУ Манчу Матак Кривогаштани	Анастасија Папучкоска, Петар Јошески, Мелани Србиноска, Симона Голеска	Петар Јошески-трета награда,сите останати пофалница
Регионален натпревар по биологијс	07.04.2023	Онлајн ООУ Манчу Матак Кривогаштани	Анастасија Папучкоска, Петар Јошески, Мелани Србиноска, Симона Голеска	Сите пофалници

Во однос на естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

- Во училишниот хол и ходниците поставени се изработки од учениците, пофалници и дипломи
- Во централното и подрачното училиште Крушеани е организирана целогодишна акција за собирање на пластични материјали и друг отпаден материјал за рециклирање.

Во училиштето оваа учебна година се реализираа неколку проекти:

1. Интеркултурно образование – Нансен дијалог центар, одговорни наставници: Дијана Каравилоска и Антица Вренцоска. Планираните активности беа во целост реализирани преку интеркултурни активности на часовите по „Образование за животни вештини“ (одделенските часови, англиски јазик и граѓанско образование.
2. „Училишта на 21 век“,одговорни наставници: Лилјана Талеска, предметен наставник – координатор, Елена Белеска – предметен наставник.

Овој проект продолжи да се реализира преку Клубот за кодирање кој функционираше како секција во училиштето во која учествуваа 6 ученици од училиштето од осмо и деветто одделение. Се реализираа повеќе активности и проекти согласно програмата за работа.

3. Антикорупциска едукација – во рамките на овој проект реализирани се некоколку работилници на часовите на одделенската заедница од страна на одделенските раководители на осмо и деветто одделение и стручните соработници, како и активности во рамките на предметот граѓанско образование.
4. Отворен ден за граѓанско образование, одговорен наставник: Дијана Каравилоска

Во текот на учебната 2022/23година, продолжи да се спроведува Отворениот ден за граѓанско образование чија намена беше да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со поширокатa заедница. Активностите беа спроведувани преку Тимот за училишни иницијативи - Учиме демократија кој работеше како секција по предметот граѓанско образование.

За време на организацијата и реализацијата на активностите беа изведени следните активности:

1. Дефинирање на целна група и формирање на тим кој ќе ги одреди содржината и активностите на Отворениот ден по граѓанско образование, но и активностите кои ќе следат по реализацијата на Отворениот ден
2. Анкети со учениците за воочените проблеми во и вон училиштето
3. Анализа на резултатите и креирање на стратегија за работа
4. Создавање на план за органзација и реализација на активностите по повод Отворениот ден за граѓанско образование
5. Работилница за сајбер насилство – Да дикутираме за контраверзни теми
6. Иницијатива за врсничка поддршка против насилството – презентација пред учениците од одделенска настава
7. Изработка на кодекс против насилство
8. Работилница за родители
9. Хуманитарна акција „Од нас за нас“
10. Акција на собирање на пластика
11. Активности за надминување на стресот кај учениците: истражување, презентација на наставнички совет, упатства и насоки за учениците;
12. Изработка и поставување на мотивирачки пораки на училишните скали

5. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, одговорен наставник: Снежана Спиркоска
Беа реализирани следниве активности:
- Беа поставени плакати со пораки за зачувување на чист училишен двор и училишнат зграда .
- Изработени беа исто и плакати со пораки за заштеда на електричната енергија и водата во училиштето.Поставени беа во дел од училниците и во училишниот ходник.—Биолошко-еколошка секција.
- Се одбележа денот на пешаците со предавање и делење на флаери кај учениците од Годивје од 1-5 одд.
- Исто така беа одбележани
16 септември Светски ден за заштита на озонската обвивка
21 Март –Ден на екологијата
-22 март светски ден за заштита на водата
-22 април ден на Планетата Земја
-15 мај Интернационален ден на акција за климата
- 5 јуни Светски ден на животната средина со предавања,обуки и читање на пораки со ученици од 7, 8 и 9 одд.
- Ден без автомобили беше одржан покасно,во јуни, каде учество зедоа ученици од сите одделенија од централното училиште, кои заедно со наставниците по физичко образование возеа велосипеди на релација Кривогаштани-Бучин-Кривогаштани.
- Поради слабата финансиска сотојба на училиштето не беше извршено засадување на садници и хортикултурно уредување на училишниот двор и не се одржа предавање од страна на стручно лице од фирмата Евроконтакти - за начинот на селекција на отпадот, начинот на негов откуп поради забрана за влез на туѓи лица во училиштата од опасност од можни бомби во училиштата.

Секој наставник во своите планирања внесува интеграција со еколошки теми во своите предмети, а ова е следно и координирано од педагогот.

6. „Меѓуетничка интеграција во образованието. Во текот на учебната 2022/2023 година од планираните МИО активности според акциский план се реализираа само самостојни мултикултурни активности на ниво на училиште. Секој наставник испланира и реализира МИО самостојни активности преку кои се развиваше меѓуетничката интеграција во образованието и интеркултурализам во редовната настава и воннаставните активности. Наставниците реализираа самостојни мултикултурни активности на своите редовни часови, во секциите, приредбите и другите воннаставни активности.

7. Дополнително, во текот на учебната година, нашето училиште се вклучи во реализацијата на Програма за унапредување на менталното здравје и доброосостојбата на децата и младите под покровителство на БРО и УНИЦЕФ. Во рамките на оваа програма се реализираа следниве активности:
- Мастер обука за психосоцијална поддршка за унапредување на психолошката доброосостојба и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини на која учествуваше педагогот Убавка Бутлеска;
- Пилотирање на програмата со учениците од петто одделение во училиштето од страна на педагогот и наставничката Лилјана Стојкоска;
- Обука Вовед во програмата за унапредување на менталното здравје и доброосостојбата на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини која ја посетија Анета Гулабоска и Наташа Димоска;
- Колегијална поддршка за спроведување активности за унапредување на менталното здравје и доброосостојбата на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини;
- Пилотирање на програмата со учениците од прво одделение во училиштето од страна на Анета Гулабоска и Наташа Димоска;
- Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и доброосостојба на децата и возрасните во ситуација на криза.

Соработката со родители. Оваа учебна година сите активности за соработка со родителите/старателите беа целосно спроведени.

Одржани се 4 - 6 родителски средби за учениците од I – IX одделение со цел информирање на родителите за почетокот на учебната година а потоа и за успехот на учениците на крајот на периодите за оценување на учениците: прво тромесечие, полугодие, трето тромесечие, крај на учебна година.

Со родителите на учениците од IX одделение одржани се додатно родителски средби за избирање понуди за фотографирање на учениците полуматуранти и понуди за одржување на полуматурска вечер, запознавање со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација.

Родителите се вклучени и преку учеството и работата на Советот на родители кој со свои претставници во секоја паралелка ги известува родителите за сите новини, активности и одлуки.

Родителите на идните првачиња беа информирани за емоционалната, интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште преку разговор и тестирања на учениците.

Во текот на годината се реализираа и индивидуални разговори со родители за разрешување на индивидуалните проблеми на учениците со директорот, стручната служба и одделенските раководители.

Оваа учебна година во школите за родители (советување на родителите) беа советувани родители поради слабиот успехкај нивните деца, неоправдани отсуства и несоодветно однесување. Овие советувања ги извршува психологот. Советувани се 18 ученици поради три повеќе слаби оцени и нивните родители ,советувања под друго основ немаше..

Во рамките на соработката со заедницата продолжува добрата соработка со општината, училиштето во Обршани како и со средните училишта во околкината каде се запишуваат нашите ученици. Соработката со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центрите за социјални грижи, Министерствата, и останати релевантни институции за нас, беше постојана низ целата учебна година. На почетокот на учебната година училиштето изведе активност за прием на првачињата во училиштето - запознавање со наставниците и училиштето. Училиштето е во постојана соработка со другите училишта на професионален план во текот на целата учебна година по однос на сите прашања кои се однесуваат на целокупната работа на училиштето.

Наставниците по ФЗО во неколку наврати учествуваа на натпревари по одбојка и фудбал а беа домаќини на спортски натпревари кои се одржаа во рамките на активностите за одбележување на Денот на училиштето.

Градоначалникот и локалната самоуправа оваа година се вклучија во работата на училиштето преку повеќе активности: посета на најмалите ученици и заедно со директорката на училиштето им подарија новогодишни пакетчиња со тоа и им ја честитаа Новата Година и им посакаа многу успех во новата година, учество и во активностите за одбележување на Денот на училиштето.

По повод Денот на училиштето беше организирано литературно читање на кое зедоа учество ученици од литературната секција од нашето училиште, првачињата од нашето училиште и ученици од други училишта.

Ученичкиот парламент, функционираше и работеше на ниво на училиште.

Орджани 5 состаноци. Членови – 16 ученици со редовно присуство. Беа реализирани следниве активности:

1. Формирање на ученичкиот парламент, донесување програма за работа и запознавање со процедурата за избор на претседател и заменик претседател
2. Избор на претседател и на претставници за учество во работата на наставничкиот совет и училишниот одбор
3. Вклучување во активностите од ученичките иницијативи – отворениот ден
4. Работилница Поим и видови насилство
5. Разговор за менталното здравје – согледување на состојбата
6. Се разговараше и преку заеднички идеи со останатите ученици во паралелките се согледа интересот на учениците за секции/клубови за следната учебна година.
7. Учество на состаноците на наставнички совет и училишниот одбор

Ученички правобранител: Мелани Србиноска

- Ги запозна сите ученици во училиштето со својата работа и улога како ученички правобранител
- Во текот на учебната година немаше доставено преставка од ученик до ученичкиот правобранител.

Стручните соработници во текот на целата учебна година спроведоа активности за правилно насочување на учениците за нивно понатамошно образованиесогласно програмата за професионална ориентација.

- Прибирање на податоци за упис на учениците во средните училишта

Од податоците кои ги добивме од средните училишта, Запознавање на учениците со поимот кариера,

- Прибирање на податоци за средните училишта и преглед на занимања.
- Давање препораки попотреба на учениците од IX одделение
- Информирање на учениците за изборот на средни училишта и струки
- Спроведување на прашалник за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците.
- Организирање презентации на средните училишта
- Работилница „Што ме интересира“
- Работилница „Мојот елемент“
- Разгледување на конкурсот за упис,насочување за пресметување на поените потребни за упис

Стручните активи работеа во два активи: одделенска настава и предметна настава и одржаа по 6 состаноци, кои беа во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите беше отворена и се почитуваше мислењето од секој и секој даваше свој придонес.

Стручен актив одделенска настава:

- пренесување искуства од претходните обуки и давање насоки за работа;
- договор за додаток на сведителството
- насоки за слободните активности и други активности по новата концепција
- распределба и одлука за понудени слободни изборни предмети;
- презентирање на реализирани дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаење;
- размена на искуства околу планираните и реализираните активности согласно новата концепција;
- насоки за следење на часови;
- запознавање со програмата за професионална ориентација на учениците и како да се интегрираат овие активности во наставата и воннаставните активности;
- дискусија и планирање на активности по одржаната обука „Професионална соработка на наставниците“;
- изработка на алатки за евидентирање на учество во професионален развој;
- планирање на поучувањето и учењето согласно пропишаните програми и стандарди и според потребите на учениците;
- насоки за водење на новото професионално досие;
- договор за водење на електронскиот дневник;
- договор за потполнување на обрасците за дополнителна и додатна настава;
- ги разгледаа извештаите од Личниот план за професионален развој (ЛППР).

Стручен актив предметна настава:

- консултации за личните планови за професионален развој;
- договор за додаток на сведителството;
- насоки за следење на часови;
- запознавање со програмата за професионална ориентација на учениците и како да се интегрираат овие активности во наставата и воннаставните активности;
- дисеминација на обуката за самостојни мултикултурни активности;
- дискусија и планирање на активности по одржаната обука „Професионална соработка на наставниците“;

- изработка на алатки за евидентирање на учество во професионален развој;
- насоки за водење на новото професионално досие;
- договор за потполнување на обрасците за дополнителна и додатна настава;
- ги разгледаа извештаите од Личниот план за професионален развој (ЛППР).

Програмата за професионален развој на училиштето се реализираше во голема мера и тоа преку стручните активи, наставничките совети, неформални средби, индивидуални консултации и разговори, посета на обуки, семинари, вебинари, конференции, настани и слично, како и преку личен професионален развој на наставниците. Секој наставник изработува и реализира свој личен план за професионален развој и изготвува извештај за истиот, а тимот за професионален развој ги прегледува истите.

Во однос на онлајн обуки и дисеминации во нашето училиште под посебни протоколи беа посетени следниве:

Наслов на обука/семинар/средба..	**Кога и каде**	**Организатор**	**Учесници**
Нова концепција за основно образование – второ и петто одд – Медиумска писменост	ООУ Гоце Делчев Прилеп 24 и 25 Август, 2022	БРО, МОН, МИМ	Дијана Каравилоска-обучувач,
